**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Осмата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана 5 февруари 1999 година**

Седницата се одржа во Големата сала на Владата на Република Македонија со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по Осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Илинка Митрева, Ристо Тодоров и Радмила Шеќеринска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата. Иста така од оправдани причини ме известија дека на оваа седница неможат да присуствуваат и министерот за финансии г-динот Борис Стојменов како и министерот за здравство господинот Стојан Богданов.

Констатирам дека на седницата присусвуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноправно да одлучува.

Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за уредување на имотно-правните односи со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратифккација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за уредувње на имотно-правните односи.

Кој е за, молам да крене рака? (68)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (80)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека со 80 гласови за е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (71)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Конастатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за уредување на имотно правните односи.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за соработка во областа на заштитата на растенијата со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон и извештаите на рабвотните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесуваше на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за

ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за соработка во областа на заштитата на растенијата.

Кој е за, молам да крене рака? (80)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Според тоа констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (77)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Конастатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес  по Предлогот на законот.

Молам, кој збор  збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (78)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за соработка во областа на заштита на растенијата.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за ратифкација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Македонската Влада и Албанската Влада, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Македонската Влада и Албанската Влада.

Кој е за, молам да крене рака? (79)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (78)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (82)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Македонската Влада и Албанската Влада.

Минуваме на точка 8 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на карантинот и заштита на растенијата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на карантинот и заштита на растенијата.

Кој е за, молам да крене рака? (82)

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(81)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворрам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (87)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратифика-ција на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на карантинот и заштитата на растенијата.

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за меѓусебно признавање на свидетелства, дипломи, квалификации, научни степени и звања стекнати во Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за меѓусебно признавање на свидетелства, дипломи, квалификации, научни степени и звања стекнати во Република Македонија и Република Турција.

Кој е за, молам да крене рака? (84)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (88)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (87)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогдобата за меѓусебно признавање на

свидетелства, дипломи, квалификации, научни степени и звања стекнати во Република Македонија и Република Турција.

Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на здравјето на животните, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на здравјето на животните.

Кој е за, молам да крене рака? (85)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (87)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

**САВО КЛИМОВСКИ**:(Продолжение)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам, кој е за? (87 пратеници).

87 пратеници се за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржани? (Нема)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата меѓу Владата на Репузблика Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на здравјето на животните.

Минуваме на точката 11 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за социјално осигуруваше меѓу Република Македонија и Република Турција со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се дрставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој )

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за социјално осигурување во РМ и Репуб-лика Труција .

Кој е за, молам да крене рака? (86 пратеници)

Осумдесет и шест пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дал.и Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законо.

Кој е за, молам да крене рака? ( 85)

Осумдесет и пет пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (84)

Осумдесет и четири пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за социјално осигурување меѓу РМ и Република Турција.

Минуваме на точката -12 Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Малезија за поттикнување и реципрочна заштита на инвестиции со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Малезија за поттикнување на реципрочна заштита на инвестиции.

Кој е за, молам да крене рака? (87)

Осумдесет и седум пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлосот на оваа седница да се претресеии Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? ( 84)

Осумдесет и четири пратеницигласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? ( никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (88)

Осумдесет и осум пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Малезија за поттикнување и реципрочна заштита на инвестиции.

Минуваме на точката 13 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на договорот за трговска соработка меѓу Владата на РМ и Владата на Малезија, со Предлог на заскон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за трговска соработка меѓу Владата на РМ и Владата на Малезија.

Кој е за, молам да крене рака? (83)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање ? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законо.

Кој е за, молам да крене рака? ( 87)

Осумдесет и седум пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? ( никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (88)

Осумдесет и осум пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дежа Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за трговска соработка меѓу Владата на РМ и Владата на Малезија.

Минуваме на точката 14 - Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу РМ и Република Словенија за уредување на меѓусебните имотно правни односи со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односнс поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон

за ратификација на Договорот меѓу РМ и Република Словенија за уредување за меѓусебните имотно-правни односи.

Кој е за, молам да крене рака? (91)

Деведесет и еден пратнеик гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање ? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон..

Кој е за, молам да крене рака? (89)

Осумдесет и девет прдтеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? ( никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (92)

Деведесет и два пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Словенија за уредување на меѓусебните имотно-правни односи.

Минуваме на точката 16 - Предлог на одлуак за изменување на одлуката за основање на совет за меѓунационални односи.

Предлогот на одлуката и Извештајот на Комисијата за меѓунационални односи ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака ?

(88)

Осумдесет и осум пратеници глсаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Спооед тоа, констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на Совет за меѓунационални односи.

Минуваме на точката 17- Предлог за разрешување на судија и претседател на Апелациониот суд во Битола.

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на судија и претседател на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (90)

Деведесет пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (1)

Еден пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Констатирам дека Собранието го разреши м-р Божидар Кочов од функцијата судија и претседател на Апелациониот суд во Битола, по негово барање.

Минуваме на точката 18 - Предлог за разрешуваше на судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (90)

Девеесет пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го разреши Зулфиќар Сејфулаи од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје по негово барање. Минуваме на точката 19 - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд Скопје 1 Скопје.

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Кој е за предлогот за разрешување молам да крене рака?

Осумдесет и шест пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го разреши Раде Јовчевски од функцијата судија на Основниот суд Скопје I - Скопје, по негово барање.

Минуваме на точката 20 - Предлог за разрешување на заменик на јавниот обвинител на РМ.

Предлогот за разрешување ви е доставен.

Отворам претрес?

Молам кој бара збор? (никој)

Бидеј ќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Кој е за предлогот за разрешување молам да крене рака?

Деведест и два пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека Собранието го разреши Стојан Стојановски од функцијата заменик на јавниот обвинител на РМ поради исполнување услови за старосна пензија.

Минуваме на точката 21 - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Апелациониот суд во

Битола.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (88)

Осумдесет и осум пратеници гласа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Битола.

Минуваме на точката 22 - Предлог на одлука за разрешување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие на Македонска радио телевизија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака? (66)

Шеесет и шест пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (18)

Осумнаесет пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Минуваме на 23-тата точка - Предлог на одлука за избор и именување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Македонска Радио Телевизија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани праеници,

Дозволете ми во името на Пратеничката група на СДСМ да го соопштам ставот на Пратеничката група за оваа точка од дневниот ред.

Собранието на Република Македонија согласно членот 13 од Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија има право да врши избор и именување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие МРТВ, но исто така согласно член 14 од истиот закон, ќе ми дозволите да го прочитам делумно тој член кажува дека: "член на Управниот одбор на Јавното претпријатие не може да има лично или преку трето лице или по било која основа интереси во МРТВ или трговско радио-дифузно друштво кое е во деловни односи со МРТВ" исто така кажува во својот став во став 14 дека функцијата член на Управниот одбор на МРТВ е неспоива со претседател и член на Управен одбор со функциите претседател и член на Владата на Република Македонија, претседател и член на Советот за радио-дифузија или лице вработено во друго радио-дифузно претпријатие или во државни органи, ова го потенцирам, продолжува понатаму "членови на раководства на политички партии".

Ќе ми дозволите да не именувам, бидејќи сите ја имаме одлуката, заради интегритетот на лицата кои се предложени, меѓутоа, од шесте лица кои се предложени за избор во новиот Управен одбор на Јавното претпријатие на МРТВ, тројца се членови на раководствата на коалиционите партнери сите од коалицоната Влада, па дури има луѓе кои се бават со трговска дејнсот, со стопанска дејност која е во сродни односи со дејноста на МРТВ во останатите шест.

Со оглед на ова пратеничката група на СДСМ смета дека именувањето е спротивно на Законот дека го повредува членот 14 и продолжува на линијата на инволвирање на лица кои по законот немаат право да бидат во Управниот одбор и вршат натамошна политизација.

Со оглед на тоа бараме предлагачот, во овој случај Комисијата за избори и именувања, да ја повлече одлуката, да ја разгледа уште еднаш и да предложи Одлука согласно со Законот. Доколку парламентарното мнозинство

односно Комисијата го одбие тоа, Пратеничката група на СДСМ ќе биде приморана заради спротивноста на Одлуката со Законот да гласа против.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор побара господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници.

Мислам дека ова прашање не би требало да се постави како прашање кое се однесува на постапката, бидејќи најмалку се однесува на тоа, јас мислам ако сакаме да ја констатираме состојбата во однос на демократските односи во една држава, ние првенствено треба да поаѓаме од квалитетот што се нуди од средствата за јавно информирање односно медиумите особено од државните медиуми, доволно е кај нас некој со внимание да ги следи програмите на нашите јавни односно државни претпријатија, радио-дифузни претпријатија, па и државните весници и да се

увери дека не ни се нудат факти, туку ни се нудат така наречени факти, односно импровизирани факти. Особено ова важи за државните медиуми било да се работи за радиодифузни или други.

Искрено кажано и до сега не можеме да се пофалиме со некој посебен квалитет во сферата на медиумите, меѓутоа, самокритично треба да се каже дека сепак тие функционираат во еден толерантен од и ние бевме сведоци на одделни коментари и осврти во однос на одделни чувствителни прашања штетни за коалиционите партнери, меѓутоа, тоа беше реалност во средствата за јавно информирање, за разлика од сега што длабоко сум убеден дека имаме опасни состојби и опасни тенденции во оваа свера, така што слободно може да се каже дека државните медиуми се тотално затворени така што само некои, потенцирам, некои независни медиуми се слободни и ја кажуваат реалноста.

Во случајот на тенденциите да се воспостават дипломатски односи со Тајван го потврдува ова и тука од страна на државаните медиуми беа изнесени само некои политикански изјави ка лица кои ја предводат оваа акција или некои афирмативни прашања кои одат во прилог на таквите тенденции.

За разлика од, сепак да кажам, некои независни медиуми кои на ова прашање даваат доста простор, нудат алтернативни визии, односно ги поставуваат сите можни визии за и против ваква одлука итн.

Мислам дека, ако го прочитаме тоа што ни се нуди како предлог за избор на членови на Управниот одбор на МРТВ ќе се увериме дека драстично го прекршуваме односно ги прекршуваме двата најважни закони во оваа свера, тоа е Законот за Радио-дифузија и Законот за МРТВ. Тука се нудат членови на потесното раководство, прочитајте го внимателно членот 14 од Законот за МРТВ кој е доста дециден и кажува односно таксативно набројува кои функции се неспоиви со функцијата член на Управниот одбор на таквата институција. Меѓу другото се потенцира и член од најтесното раководство. Ве молам, портпарол од една партија дали е член на потесното раководство? Секоја почит за кандидатот што се предлага, се работи за една дама, меѓу тоа се работи за принципи односно се работи за право и тоа никако не би требало да се дозволи да се разреши еден член кој долго години работеше во МРТВ и се разреши пред десетина години само затоа што не се согласи во емисиите на албански јазик да се кажува Скопје наместо Шкупи, што е правата дистинција и тој човек повторно се диференцира затоа што не припаѓа на една политичка партија која е владина коалиција.

Ако имаме минимум расположение да изградиме здрави демократски односи, потенцирам минимум расположение, не само што треба да ги почитуваме правните прописи, односно законите што ги потенцирав, туку и моралниот сегмент односно моралните норми свеста, совеста, и одговорноста. Ние тука сведочиме дека сме многу далеку од тоа дури и правните прописи не ги почитуваме. Така нема никаде да стигнеме ако една река можете да ја запрете, но од таа река ќе имате поплава.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Мерсел Биљали.

Збор побара господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници,

По однос на предлогот за именување членови на Управниот одбор на

Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија имам одредени забелешки кои во одреден дел се околу неспоивоста на вршењето на оваа функција на лица кои имаат било какви врски или влијание со политички партии и мислам дека на одреден начин предлагачите прават грешка предлагајќи лица кои се директно вклучени во партиите и преку кои партиите можат да имаат влијание.

Втора работа е разрешувањето, како што рече господинот Биљали, на лице кое е истакнат ветеран во новинарството, истакнат по својот принципиелен став да одбие да биде инструментализиран во време кога беше многу потешко одколку е сега да биде ставен на одредена функција.

Токму затоа сметам дека господинот Мендух Ајдини требало да се направи напор и да се постави како член во Управниот одбор.

Трето, сметам дека оваа Одлука треба да се врати на повторно разгледуваше како во Комисијата за избори и именуваша која именува седум члена, така и во МРТВ која одредува четири члена од внатре. Мислам, ако не се лажам, дури и состав кога се именуваа ние н напор и ја вратаивме оваа Одлук на повторно разгледување, но и тогаш ни го вратија истиот предлог кој денеска го имаме пред нас без да има во вториот дел ниту еден албанец. Токму затоа предлагам и барам за ова да се изјасни Собранието, да се врати Одлуката со препорака во првиот дел каде Собранието избира седум члена да се најде место и за господинот Мендух Ајдини додека во вториот дел од внатрешните членови во Радио-телевизија исто така да се направи напор да се вклучи уште еден албанец плус.

На крајот уште еднаш до предлагачите им обрнувам внимание дека можеби се косат со Законот со предлагањето на членови кои се директно вклучени во раководството на политичките партии.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Мевљан Таири.

Побара збор господинот Замир Дика, а потоа господинот Чедомир Краљевски, претседател на Комисијата за избори и именуваша.

Има збор господинот Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, дами и господа пратеници,

Неспоивоста на функцијата претседател и член на Управен одбор на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија е уредена со членот 14 став 2 од Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска-радио телевизија. Имено, членот 14 став 2 изричито вели дека неспоиви се функцијата претседател и член на Управен одбор на МРТ со функциите: па ги набројува!

- Претседател и член на Владата на Република Македонија;
- Претседател и член на Советот на Радиодифузијата;
- Лице вработено во друго радиодифузно претпријатие;
- Лице вработено во државен орган;
- Членови на раководствата на политичките партии на раководствата;
- Како и лица кои имаат удели, акции или други економски интереси во радиодифузно претпријатие.

Доколку законодавецот сметал дека функцијата пратеник е неспоива со член на Управен одбор на МРТ, тогаш изричито ќе беше наведено во одредбата на ставот 2 на членот 14, како што се наведени горепоменатите функции. Значи децидно ќе беше потенцирано пратеник.

Во прилог на ова сакам да укажам на членот 24 од Законот за радиодифузна дејност во која точно е наведено дека за член на Советот за радиодифузија неможе да биде избран пратеник, член на Влада или лице вработено во радиодифузна организација или во државен орган, членови во раководставата на политичките партии, како и лица кои имаат удели, акции или друг економски интерес во радиодифузните организации. Што значи изричито е наведено функцијата пратеник.

Доколку пак законодавецот сметал дека функцијата член на Управниот одбор на МРТ е неспоива со член на политичка партија, во тој случај и тоа изричито ќе беше наведено во членот 14 став 2, од споменатиот Закон како што е наведено во членот 14 од Законот за државната ревизија кој вели:

"Главниот државен ревизор и неговиот заменик не смеат да вршат друга јавна функција, професија, ниту да бидат членови на политичка партија, членови на Управен одбор, надзорен одбор или било кој друг орган кај друг субјект". Што значи во Законот за државната ревизија точно е наведено дека главниот државен ревизор и неговиот заменик не смеат да бидат членови на политички партии, независно од тоа дали се пратеници или се во раководството на политичките партии, а што не е исто со одредбата на ставот 2 на членот 14 од Законот за МРТ, каде вели само членови на раководствата на политичките партии, а не и член на политичка партија.

Поради ова сметам дека предложените Валентина Божиновска, пратеник, а која не е во раководство на партија и Аделина Марку, која е само портпарол на политичка партија, а не и нејзин член можат, согласно Законот за основање на МРТВ да бидат членови на Управниот одбор на МРТ.

Што се однесува до ставот 1 на членот 14 од Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија, иако овде не е уредена неспоивоста, не споивоста е уредена во став 2 сакам да укажам дека овде станува збор за тоа дека член на Управниот одбор на Македонска радио-телевизија не може да има лично, преку трето лице или по било која основа интереси во МРТ или во трговско радиодифузно друштво кое е во деловни односи со МРТ, а кои можат да имаат било какво влијание врз неговата независност и непристрасност во одлучувањето во МРТ. Сметам дека овде станува збор за лице кое по било која основа ќе има интерси во МРТ или во друго радиодифузно друштво кое е во деловен однос со МРТ, значи станува збор за деловен однос, а со тој деловен однос да може да имаат било какво влијание врз неговата независност и непристрасност во одлучувањето.

Тргнувајќи од оваа одредба, која повторно укажувам не ја уредува неиспоивоста, туку само кажува што не може да има член на Управниот одбор, предложените Валентина Божиновска и Аделина Марку можат да бидат избрани за членови на Управниот одбор на МРТ.

На крајот сакам да укажам и на Законот за избор на пратеници, поточно на член 6, каде 9 утврдена неспоивоста на функцијата пратеник со други функции.

Членот 6 утврдува дека функцијата пратеник е неспоива со функцијата претседател на Република Македонија, претседател на Владата на Република Македонија, министер, судија на Уставниот суд на Република Македонија, судија, јавен обвинител и други носители на функции кои на професионална должност ги избира или именува Собранието и Владата на Република Македонија, што значи никаде не е утврдено и членувањето во управдн одбор на јавно претпријатие, поради тоа што член на управен одбор на јавното претпријатие не е професионална функција.

Имајќи предвид дека Валентина Божиновска е афирмиран културен работник, поради што е и член на собраниската Комисија за култура, а Аделина Марку, според кажувањата во Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, при утврдувањето на Предлогот на одлуката, професионално ја врши функцијата портпарол на политичка партија, сметам дека овој предлог е во согласност со членот 13 од Законот, за основање на МРТВ кој упатува членовите на Управниот одбор на ова Јавно претпријатие да бидат од редот на афирмирани научни, културни и стручни работници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Чедомир Краљевски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор Никола Поповски, повторно.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Добро е вака во една конструктивна атмосфера да одредиме дефакто што пропишал законодавецот,и ако неможеме да се усогласиме има независни институции кои тоа во наше име ќе го направат. Нашето толкување е дека - и минатиот пат јас не спомнував имиња, и сега би го избегнал тоа - раководство на политичка партија се разликува од член на политичка партија со фактот дека некој членува во органи на партијата. Ако некоја партија има 20-30 илјади членови, сите што се наоѓаат во било кои органи на партијата или вршат поединечна функција во партијата како орган, тоа значи дека се во

раководството на партијата. Значи, раководството на партијата ние не го третираме само највисокиот, зависно од партијата дали е претседателство, изврше или централен комитет и т.н. Ние сметаме дека сите органи на партијатг по било кој основ, почнувајќи од конгрес, централни одбори, комитети, претседателства, извршни органи на партијата, вклучувајќи и пратенички групи утврдени со статутот на партиите како орган на партијата претставуваат раководства на политичките партии. Членство во совети на органите на партијата, во овој случај исто така се работи за член на советот на ВМРО-ДПМНЕ кој е предложен за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие, е член на орган на партија, што значи дека не е само член на партија, туку е орган кој врши статутарни функции во партијата. Со оглед на тоа сметаме дека истото тоа се однесува и за портпаролот на Партијата за демократски просперитет на Албанците. Самиот факт кој укажува дека врши функција портпарол упатува дека е на раководно место во партијата.

Со оглед на вака спротивставените ставови, ние сме свесни дека тоа не можеме да го надгласаме. Меѓутоа, исто така сме свесни дека во државата има институции кои според својата уставна положба одредуваат дали некои акти се во согласност со Уставот и законот или не. Така што ако не можеме овде врз основа на аргументација на г-динот Кралевски и нашата аргументација до крај да се расчистат односите што претставува член на раководство на партија, тогаш ќе побараме соодветна заштита во рамките на уставните институции во Македонија за зачувување на независноста од политиката на МРТ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Никола Поповски.

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа, уште еднаш како пратеничка група проблемот го поставуваме принципиелно. Мислам дека пратениците мои колеги и мојата пратеничка група се обидоа со нивното искрено кажување да можат да ве стават во ситуација да размислувате дека како што е предложено во одлуката не е добро. Зошто не е добро?

Ние не сме против тоа кои имиња тука се ставени како членовина Управниот одбор на Јавното претпријатие МРТ, туку во принцип бараме да се запази националната структура и корисниците, се разбира на ова Јавно претпријатие кое се вика МРТВ. Вие забележувате и сами дека од 11 имаше само еден Албанец. Тој беше Менду Ајдини. Ние кажавме кој е, зошто, мислам дека нема потреба да зборувам. Јас само можам да додадам дека беше еден од тие што навистина долги години работеше во МРТ, а во исто време подготвуваше една емисија, колку се сеќавам јас, за ментално ретардирани, глувонеми, во соработка со Република Словенија. За емисија која беше многу добро примена во нашата јавност односно од тие што знаеја да ценат што значи стручњак, што значи човек кој се занимава со новинарство, односно кој работеше во МРТВ.

Сега имаме нов предлог со никаков напредок во однос на учеството т.е. застапување на граѓаните Албанци во овој состав. Како што гледате, во Управниот одбор на Јавното претпријатие МРТ, од 7 има само еден, односно само Аделина Марку, а за членови на Управниот одбор кои се именуваат од внатре од МРТВ нема ниту еден, штро значи од 11 само еден е Албанец. Мислам дека за ова ќе имаме поддршка како прашенинка група и од пратеничката група на ДПА и од сите други пратеници со нашиот предлог дека оваа одлука треба да се врати, да се подобри националната структура на застапеност, со тоа што треба да има уште еден Албанец, уште еден од другите националности, затоа што во МРТ имаме и други редакции, а велиме редакциите понатаму ќе преминуваат и во посебни односно во програми. Ова што ни се нуди навистина е неприфатливо за пратеничката група на ПДП.

Молам да се изјасниме како Парламент, односно го молам претседателот на Комисијата за избори и именувања да ја повлече одлуката и уште еднаш да седне и да ја подбори застапеноста во однос на националната припадност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Исмет Рамадани.

Молам, дали некој друг бара збор? Има збор пратеникот Љубен Пауноски.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, тука беше спомнато дека ќе се предложи и ќе се повикаат судските органи, претпоставувам дека тоа е целта, да направат испитување на партиската структура, во овој случај, на владината коалиција. Ние немаме ништо против тоа. Меѓутоа, ако сакате, пред да го преземете тој чекор, ние можеме да ве запознаеме со организациската структура на нашата партија, така што нема да имате потреба од такви зафати, а веројатно вие се раководите од тоа како е поставена организациската структура на СДСМ. Ние се разликуваме тука и тоа многу сериозно и затоа несоодвествуваат вашите тврдења дали нешто е спојливо или не е спојливо. Според оние информации кои ги добиваме за вашите намери за преструктуирање на вашата организациска поставеност, претпоставувам дека веќе ќе примените од нашите модели за партиската поставеност, кои ќе ве доближат до вистинската слика на тоа, дали нешто претставува, некој член на партија, дел од најтесното раководство или не. Во овој случај, поставеноста на ВМРО-ДПМНЕ воопшто не ја нуди таа можност да се третира онака како вие од овде го тврдите. Според тоа, доколку имате желба и трпение можеме да ве запознаеме со таа партиска поставеност во организациска смисла и да видите дека не е тоа така и не би требало од оваа говорница да се изнесуваат такви невистини. Тоа е едната работа.

Следната работа е исто така околу начинот на толкување на овие работи околу овие закони за спојливоста или неспојливоста. Повторно од оваа говорница се создава, во текот на последните 30-тина дена, една тензија за постојано кршење на некои закони или партиско поставување на кадрите. Видете, кој манир на заблудување на јавноста, па дури одење до конкретна лага, имавме можност и вчера да го видиме. Од една страна се тврди дека во име - мене ми е жал што вие го употребувавте тоа во име на претседателот на државата дека воопшто не е запознат со некои детали околу законот, односно сите аспекти околу законот за амнестија. Исто така, тврдевте дека вие не сте запознаени, а 7 дена пред почетокот на седницата, мислам речиси 7 дена, имавме некои табели, кои беа сепак приближно добра слика за да имаме можност да видиме каква е таа состојба и структура на лицата кои издржуваат казна. После тоа, од министерот за правда бевте демантирани со конкретни дати и термини кога од него е побарано да ги даде тие информации до претседателот на државата и кога се дадени. Значи, изнесувањето на лаги од оваа говорница мислам дека најмалку може да и користи на вистината и на онаа комуникација што ние сакаме да ја воспоставиме преку овој дом со јавноста. Би ве замолил понатаму да бидете попрецизни, затоа што изгледа ќе мора да ја прифатиме таа фрлена ракавица од ваша страна и да почнеме да се расправаме навистина со речник кој не соодвествува на комуникацијата меѓу сите нас во Парламентот. Тоа е втората работа.

Следната работа е - ако сакаме да разговараме за принципиелни работи, тогаш треба да ги отвориме сите прашања кон МРТВ. Вие до вчера имавте можност да имате влијание и конкретна улога во нејзиното функционирање. Тогаш треба да ја знаете комплетната слика за МРТВ. Вие треба добро да знаете дека најверојатно се губите по разни основи во оваа куќа ќе стигнат до 20 милиони марки. Ако е тоа така, а така е, таа анализа за скоро време ќе ја видиме, тогаш треба да имате и однос кон потребата оваа куќа да застане на здрави нозе, а не со оваа слика на загуба од 20 милиони марки, затоа што таа одговорност кон граѓаните ја имаме. Од тие причини треба да се има свест за интересот на граѓаните, а не за дневно партиските потреби.

Според, тоа, објаснувањето беше многу јасно во која смисла е присуството на овие две личности во партиски контекст. Работата е многу јасна и јас би замолил да не ги изврtуваме фактите од онаа вистина во која тие постојат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Љубен Пауноски.

За збор се јави пратеникот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани дами и пратеници, денес на дневен ред имаме предлог одлука за избор и именување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие МРТВ. Секоја чест, за секое почитување, власт е власт, опозиција е опозиција, тоа е јасно и гласно. Народот гласал за кого гласал, но треба да размислите и да сфатите дека има разни националности, разни жители, државјани во РМ. Има Роми, навистина ова треба да го земете предвид. Од Ромите нема ниту еден

предложен во овој одбор. Треба да има еден Ром од ромската националност, а неделно се дава два пати по 30 минути емисија. Кога може за сите националности, треба еднаш и за нас Ромите. Сите ние сме државјани, има околу 50 илјади Роми во РМ според статистиката. Исто така Ромите се претплатници на Радио телевизијата: во РМ. Можеби на некого му е смешно тука, но и ние сме граѓани, како што е секој граѓанин претплатник на МРТВ. Сите се пертплатници. Јас бев првиот тој кој предложи 2,5% да се плаќа. Јас имав напад од своите Роми, велат ние сме социјала, немаме средства, како предлагаш така. Еве сега дојде време и за Управниот одбор да се предлага и некој член да има од Ромите таму. Барам да се земе предвид за да се зголеми минутажата, да нема неделно две емисии по 30 минути на ромски јазик, туку секојдневно. Дајте да преземе овој Парламент, без разлика кај кого и како е власта, но граѓани сме и треба заедно да живееме во РМ. Не треба овие меѓунационални односи преку оваа МРТВ, затоа што тоа е јавна куќа која пренесува и преку тоа(смеење во салата).

Можеби ви е е смешно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, тишина.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Смејте се, имате право да се смеете. Ќе дојде ден за се и ние ќе се смееме. Смејте се, ќе паднете и вие од власт. Не се секирајте, многу долго нема да одите. Нема да одите многу долго, ќе паднете од власт. Власта секогаш ја држи народот, народот бира, народот пак ќе избира. Ќе дојде време, се си поминува, 4 години ќе поминат, ќе дојдат и претседателски избори, и локални избори и парламентарни избори, се ќе дојде. Немојте да не одбивате. Ако јас сум бил опозиција како Амди Бајрам и Сојуз на ромите јас и сега сум ви опозиција, тоа е точно, не гласав ништо за вас. Но треба да сфатите, вие си имате ваше мнозинство, си имате се, секаква одлука можете да донесете, но треба да сметате на граѓаните на РМ од ромска националност. Ке дојде време, можеби и јас нема да бидам пратеник, некој друг ќе биде, треба да сметате дека утре друг ден пак ќе сметате на таа националност. Вие на секоја комисија на секој од нас што се избира во Собрание, ни во една комисија не сте ме ставиле, или на една комисија сте ме ставиле таму. Што, дека ви бев опозиција? До крај ќе останам опозиција, да знаете тоа. Бидете сигурни во тоа. Од денеска постојано ќе ви бидам вака опозиција. До сега не сум станал да говорам, одсега многу нешта ќе почнеме да зборуваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Амди Бајрам.

Има збор г-динот Горѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, г-динот Љубен Пауноски има обичај независно од темата на дневен ред, да му држи лекции на СДСМ и да го прашува зошто СДСМ не и верува на владината коалиција; на чесен збор. Ке наведам само една причина.

Пред неколку денови, по повод зделката со Тајван, г-динот од Делегацијата Александар Димитров изјави дека тие не земале никаква провизија затоа што не се криминалци. Вториот член на Делегацијата на Телевизијата Телма рече дека нив не им била понудена провизија бидејќи тајванците нудат провизија само на криминалци. Денес во "Нова Македонија" читаме изјава на Васил Тупурковски, вчера: дека кога дојдовме на разговорот за провизија, рековме дека земаме провизија од 40 милиони долари, но ние таа провизија ќе ја дадеме како наша донација, значи веќе како сопствени пари за изградба на објекти во Македонија.

Што е тоа, дами и господа што тие прво дале и која е вистината и како сакате да ви се верува на чесен збор, кога вакви работи се слушаат само за неколку дена.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Љубен Пауновски побара збор, па после г-ѓата Доста Димовска.

Љубен Пауновски реплика.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ**:(Продолжение)

За овие податоци кои ги спомнав се надевам дека ќе имате можнсот да го добиете одговорот изворно, јас неможам во туѓина да зборувам, иако тоа Вие што го споменавте, иако навистина било така треба да ја преиспитате вантрешна логика на тоа и смислата и ќе можете сам да дојдете до соодветен заклучок. Јас се јавив уште еднаш, бидејки од двете страни имаше потенцирање зошто нема предложени членови од другите националности во Македонија од самата МТВ. Предлогот оди преку синдикалната организација во МТВ. Совет на вработени не функционира во овој

период, а зошто Вие за тоа треба да одговорите. Се што треба, ние допрва ќе пристапиме кон тоа и ќе ги регулираме и ќе ги поставиме сите организациски потреби. Меѓутоа, во овој момент избор на членовите од внатре од МТВ го правеја тие организациски структури и тие луѓе кои раководат со нив, кој вам Ви е добро познато како ориентација преку своето пријавување, преку текстови имаат. Значи тоа веќе не е работа на позицијата која може да влијае да ги избере тие членови.

Според тоа, за прашањето на составот на националностите од тие членови, треба да го побарате одговорот внатре во таа куќа, од оние храбри новинари кои до вчера правеја делови од сценаријата за заговорот наводно на до вчера опозицијата, која беше на власт, која ги пласира преку МТВ и кои сега се најжестоки заговорници дека се прават чистки, што воопшто е далеку од вистината. Значи за составот, националниот состав на внатрешните членови од МТВ, ќе се обратите кај оние новинари кои ги водат овие организации внатре и кој ги предлагаат тие членови. Тие се ваши добри соработници сеуште. Побарајте го одговорот кај нив.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Бидејки реплика добив и одговор добив од потпаролот на ВМРО-ДПМНЕ и рет е и во ова Собрание постои министер за сообраќај и врски и јас барам одговор за ваквата структура за националностите, барам одговор од министерот за сообраќај и врски и министерот треба да каже што треба и како треба. Јас немам ништо друго против, но министерот треба да даде одговор за ова, а не партиска организација да ми дава одговор во Парламентот. без разлика од која партија е министерот, но министерот треба да даде одговор за националноста.

**НАТАЛИЈА ДИМОВА:**

Почитуван г-дине претседателе, колеги пратеници, јас сум навистина изненадена од вакви спектакуларни изјави и од она што значи мавтање со дневен печат заради тоа што помеѓу двата круга на изборите, исто така, г-динот тогашен актуелен министер за правда зборуваше дека толкувањето на законот за избор на пратеници во Нова Македонија, неможе да биде валидно, заради тоа што не е ваш став. И тој фамозен член го толкувавте на неколку наврати и тоа различно.Но Вашата изјава вчера од оваа говорница дека токму господинот Васил Тупурковски сега говори дека кој се служи со лаги ќе одговара, а по петнаесетина минути со вашиот говор, вие говорејки за одлуката, со тоа што сте постапиле за време на Гостиварските настани, исто така бевте закачен со немање на одговор на она што значи валидност и релевантен факт за она што го говоревте. Денес велите и за некој изјава за провизија. Дали тоа навистина сериозно го мислите, или повторно изврherтувате искази , недобро читате, или недобро внимавате при читањето,недобро толкувате, како законот за избор на пратеници, незнам во што е причината, но едно е вистина. Вие пред граганите неможете да говорите она што сакате од оваа говорница и тоа што доаѓа во прилог на Вашата партија и на Вашата политика, заради тоа што господа пратеници, заврши владеењето по максимата се е политика. Треба да се придржуваме на максимата се е право, односно закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Еднаш расчистивме ние дека часописи, весници, овде не е читална, па сега да се убедуваме , ниту тоа е дебатен клуб, ако има факти да се говори со факти . Се одговара за тоа. Сите сме инспирирани ние од разно разни часописи и списанија и сега овде во една прилика рековме, а особено рековме за личности кои не се присутни во салата воопшто да не се дискутира. Инаку на што би се претвориле ние овде. Инаку за се и сешто ќе говориме а нема да одговараме. Ке Ве молам, еднаш дадов соодветно мое размислување, да неречам инструкција да не сме инспирирани, вие имате весници , обратите се таму полиминизирајте, овде не е местото на оваа говорница да се полимезира со ставови на луѓе кои не се овде, а и да се овде , имате таму каде што ќе полимизирате, а особено да го користите секој повод било каков, па и сега овдека што нема врска.

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Господине претседателе бев спомнат и имам право на реплика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Само држете се до точката од дневниот ред, а не за се и сешто.

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Мојот претходник се обиде да спореди две нешта дека не можеме да се служиме со толкувања кои се дадени во"Нова Македонија"

туку се цитат , кој што е потпишан од

новинарот Зорица Дарковска која што присуствувала на средба во Кавадарци и која што сосема одговорно го цитира г-динот Васил Тупурковски, кој што точно вели дека кога дојдовме до оној дел за разговорот од провизијата , ние прифативме тоа да биде наша донација за изградба на сали и т.н. Ако тоа не е точно г-динот Васил Тупурковски има право да каже дека тоа не го кажал во Кавадарци и дека "Нова Македонија" која сега е практично под директно влијание на владината позиција намерно лаже и ја манипулира македонската јавност. За тоа постојат органи каде тоа може да се расчисти.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, само денеска не е на дневен ред "Нова Македонија" и ќе ве молам да не ја скршнуваме расправата на дневен ред е Советот на Македонската радио телевизија и немојте сега овде се што на душа Ви лежи да се искажувате на оваа говорница. Дајте да се држиме до дневниот ред.

**ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ.**

Г-дине претседателе , господа пратеници, заради вистината се јавувам. Изјавата на г-динот Спасов не е точна, бидејќи јас присуствував во Кавадарци и изјавата на новинарката не е точна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи ова е уште еден доказ дека не можеме на тоа да се ослониме.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, се извинувам ме спомнавте, но не ве слушнав, но би сакал да укажам, за да бидете почитувани од овој Парламент, од пратениците и од позицијата и од опозицијата, треба да имате исти критериуми во однесувањето , а исто така ќе бидете почитувани од јавноста. вие не ги користите тие исти мерила и на оваа седница, кога треба сите пратеници да се придржуваат кон дневниот ред. Пратеник кога дискутираше и почна да прави политички излети , вие не реагиравте, бидејки не реагиравте, затоа доаѓа до овој дел на водење на седниците,а на пратениците од СДСМ почнувате да реагирате Пратеник излегува овде , па ја испушти шансата да зборува за амнестија, па почна да коментира да кажува, сигурно преспа синоќа , му дојдоа некои мисли , вие тогаш требаше да реагирате и да и дадете тек на седницата. Бидејки ова мое укажување е во принцип на тоа ќе се држам изричито на оваа точка од дневниот ред.

Во Р.М има повеќе јавни претпријатија. Единствено Јавно

претпријатие е МТВ кое е основано со посебен закон. Закон за основање на МТВ. Самите знаете вие зошто е тоа така направено по неговото значење за граѓаните на РМ и функцијата која ја обавува. Со тој закон, единствен директор на Јавното претпријатие кој го избира Собранието е директорот на МТВ. И единствен орган на урпавување кој го избира ова Собрание е Управниот одбор на МТВ. Управниот одбор на МТВ, едноставно и кратко речено со МТВ управува Управниот одбор. Која била целта на законодавецот, овдека дојдоа неколку толкувања. Автентично толкување од надлежниот орган сигурно ќе дојдеме до целта на законодавецот што сакал да постигне со Управниот одбор кој управува со МТВ, која МТВ се финансира изворно и од џебот на граѓаните најдитекно,не преку фискалната политика, преку даноци, туку директно со наплата на струјата се финансира. Основно и најбитно на коментарите на член 14 е Управниот одбор на МТВ, кој може да влијае во секој случај и на програмската политика преку усвојување на Програмата за работа и на генералниот директор е тоа во нејa да има лица од редот на стручни, научни и други работници и кој неможат да имаат било какво влијание врз неговата независност и непристрасност во одлучувањето односно во распоредувањето. Тоа е целта на законодавецот. Дали некој е убеден дека пратеник од ВМРО или потпарол на ДПА нема да има влијанија. не дали е член на апртија, не дали е член на раководство, нека каже дека нема да има влијанија. И едно друго би сакал да истакнам,доста ми префрлувате како било во времето на СДСМ нешто научете и видете од претходниот Управен одбор. Тоа треба да го каже некој пратеник кој работеше таму цело време, кој беше дури и уредник на еден дел, а сега кажува за спроведуваше на администрација, политизирање или деполитизирање. Затоа би сакал во делот луѓето кај што ги разрешивме и треба да му се заблагодариме од оваа говорница на тој Управен одбор да видите, бидејки Македонија е многу млада држава и луѓето се многу мали, како што истакнуваме се познаваме. Таму го има точно тој Управен одбор, во оваа прилика јас ја користам бидејќи претседателот не му се заблагодари, и адвокатот на МТВ кој ги

познава работите не му се заблагодари, тоа се луѓе познати и признати од редот на стручни, научни од сферата еден Ташко Локвенец е во тој Управен одбор, човек кој сите го читате и сите го анализирате. Сигурно и на другите луѓе кои се таму треба да им дадеме едно признание за досегашната работа и треба да ги почитувате овие принципи во делот на работењето на МТВ. Ниедно име не спомнав јас претседателе и не смеете да дадете реплика.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Јас работев во таа куќа и тоа е точно. Јас знам кој беа вашите дирекни влијанија.Како член на колегиум , од секој колегијум се пренесуваа оние упатства од СДСМ, како да се прави програмската политика на таа куќа. Јас бев таму секој понеделник. Го давав најголемиот отпор за сите податоци како доаѓаа вашите наредби. Таму беше забрането да се спомне ВМРО-ДПМНЕ дури ако може да се прави само ДПМНЕ да се споменува. Тоа беше со наредба давано.

Втората работа откога јас станав член на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ бев викан секој ден кај директорот , прв пат на човекот можеби имам должност да му се извинам, бидејки вие што му го правевте тоа, го донесувате во ситуација сега некој јавно да зборува што тој правел по Ваша наредба. Секој ден ме повикувал во неговито кабинет и најконкретно бев повикуван да си заминам од таа куќа. Неговиот одговор беше дека му се врзани рацете и дека со станувањето на член на МВРО-ДПМНЕ, власта бара тие луѓе да си одат од таа куќа под итно. Јас уште еднаш му се извинувам на тој човек, бидејки вие го донесовте во таа ситуација да мора и от тука да се зборува за тоа. Ова го тврдам најодговорно. Ако не ви е јасно како се прави уредувачката политика, а втора работа околу претходниот состав Вие споменавте луѓе што немаме против што се таму, почитувани како личности, меѓутоа, да тврдите дека биле независни, тука имаме новинари што работеа таму и знаат како пишувале, како се однесувале таму. немаме ништо против што тие биле членови на Управен одбор, меѓутоа, да ги споредувате дека претходната гарнитура во раководењето на таа куќа била независна, тоа можете да го говорите многу лесно од овие клупи, а оние наредби што им ги дававте таму, што го правеја и што ги спроведуваа врз вработените, за тоа вие не можете да говорите. Ако сакате ќе продолжиме со конкретни факти. Конкретниот факт што јас ви го изнесувам со мојот пример беше тој. Секој ден барав да сл заминам од таа куќа со наредба на власта.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине Пауновски баравте факт поголем факт вие како член на извршниот комитет, вие како член како симпатизер на ВМРО-ДПМНЕ, бевте во Македонска радио телевизија уредник. Бевте и самиот кажувате дека сте оделе кај тој човек, незнам кај кого мислите и сте разговарале вие г-дине Пауновски кој тоа го осетивте кажувате што преземате. Луѓето ги шиканирате, дури им давате отказ да не бидат таму. Тоа се фактите. Вие ги протерувате на улица луѓето од МТВ и другите институции. Тука е големата разлика. Разликата меѓу СДСМ и вас е што вие бевте на тоа работно место и во сите институции припадниците на ВМРО беа. Јас можам да ви кажам, вие сами можеби си отидовте заради свои лични амбиции. Не добивте вие решение ни од генералниот директор. Вие кој се прокламирате како демократ , вие ги давате решенијата и се прокламирате во МТВ со вашиот углед.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Ми е жал што морам уште еднаш да спомнам дека не разбравте дека изборната кампања спомнавме многу пати дека има едукативен карактер и баш ми е жал. Не зборувам конкретно за вашите лични квалитети. Станува збор во политиката за квалитетите во постапките. Значи да ги разграничиме тие работи. Тука немаме дилеми. Постапките се тие од оваа говорница сега изнесени лаги дека е избркан човек од МРТ а јас не сум. Обратно е господине. Јас сум избркан, во овој случај новинарот не е избркан. Своевидна типична диверзија направи на уредувачката политика .

Г-динот уредник на Македонското радио на состанок кај генералниот директор најдецидно соопшти дека тој текст имитуван во пладневниот радио весник на македонското радио е емитуван без сознание на директорот и без да помине на уредувачкиот колегиум своеволно.

И г-динот директор на Македонското радио замоли да има за тоа разбирање, бидејки колегиумот немал никаков увид. Тоа е пробив во уредувачката политика. Значи пред се, е повредена и личноста и позицијата одговорна на директорот на

Македонското радио. Внимавајте, а пред се неговата позиција. После тоа , откога е направена таа постапка да биде професионално деградиран бидејки молеше да се врати да ја научи азбуката професионална, директорот на Македонското радио се прави жртва и си дава оставка. Значи не станува збор за бркање на новинар од МТВ, тој работи таму , има направено програмско пробивање во уре-дувачката политика без да знае колегиумот. А во мојот случај не е цензура. Цензура може да биде доколку директорот на Македонското радио знае за тој текст, ако спречил. Во случајот на уредувачкиот колегиум воопшто не е поставена структурата на пладневниот радио весник направена своеволно и за тоа има лично соопштено директорот на Македонско-то радио дека тоа не е професионален принцип на работење.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ**: (Продолжение)

Лично тоа го соопшти. А, после тоа, што тој се прави жртва, тоа ќе го објасни, најверојатно, тој самиот. Значи, разликата е огромна, неспоива. Имаме избркан човек од таму по тешки притисоци случај на кого му е со наредба на колегите од секторот за култура и уметност да не се емитуваат рецензиите за ликовна уметност. Забрането е да се слуша гласот воопшто на ликовниот критичар на Македонското радио. Забрането е. Тоа може да го потврдат 20 новинари во секторот за култура и уметност. Ако тоа не ви е доволно, јас незнам, повелете, ќе ви објаснам и други работи. Значи, разликата е огромна. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, мислам дека беспредметна е расправата по однос на конкретното прашање, затоа што проблемот е многу подлабок и посуштински. Всушност, мене навистина не ми е разбирливо зошто расправаме и толку прашина дигаме за партиското својство на одредени членови во Управниот одбор и споредувањето на тоа својство со одредбите на законот за радиодифузија по однос на спречување на можноста од влијание визави уредувачката политика на медиумите, во конкретниов случај МРТ. Па, луѓе, ние ставивме партиски челници во клучните позиции, директори на тие медиуми. А, ние сега не сакаме да се влијае преку член на Управен одбор во уредувачката политика. Лук и вода. Па ние сите директори ги поставивме, сите главни и догвоорни уредници ги поставивме, ние ставивме портпарол, директор на Македонско радио, ние сега ставаме друг портпарол член на Управниот одбор итн. Не е дефектот во тоа, луѓе,и во суштина проблемот е многу посуштествен. Ние под итно сега, кога веќе формиравме Министерство за информации, треба да доаѓаме овде пред Парламентот со нов концепт за медиумите и пишаните и електронски-те. Ние, за жал, таа работа, признавам и јас сум дел од минатата Влада, не успеавме на поинакви концепциски подлоги да ги поставиме медиумите. Што сакам да кажам со тоа? Нема ништо лошо во тоа да има медиум кој ќе биде близок до Владата или влади и да има опозициони весници, односно електронски медиумите. Таква шема постои во светот. Можеби тие не се понепаментни од нас, со многу поголема традиција во изградување на демократски односи и системи. Се знае од Буџетот, зашто тоа се средства кои се собираат од даноците и од другите јавни давачки, се издвојуваат поеднакво или приближно поеденакво средства за финансирање на функционирањето на медиумите и блиски до власта и блиски до опозицијата. Дефектот е токму во тоа што ние сега имаме медиумите кои се блиски до власта или владини и кои се финансираат со средства од буџетот, значи со јавни средства, и медиуми кои не се финансираат од тие средства и кои се обидуваат или изигруваат опозициони весници. Но, во суштина не можат до крај да ја издржат таа трка, зашто остаток се нерамноправни. Затоа, јас, навистина се надевам кога веќе формиравме Министерство на информации да дојдеме тука и концепциски да ги поставиме работите и така да ги тераме понатаму. И, да не бидеме пак во позиција да изигруваме независни медиуми, а со партиски челници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас му благодарам на пратеникот Насер Зибери и мислам дека суштинското прашање е во тоа што тој го покрена и можеби би било добро Владата да размисли да не носиме заклучок да размисли за еден закон за јавно информирање и што е можно поскоро да го донесе каде што ќе се утврди таа положба. Можеби во програмата и е на Владатаа донесе еден закон за јавно информирање кој што ќе ги направи беспредметни ваквите наши расправи.

Дали уште некој бара збор по ова прашање?

Господинот Тито Петковски побара збор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседател, почитувани пратеници, дами и господа, Јас сакам нешто да замолам. Еве, бидејќи досегашната расправа оди во прилог на една теза што сакам да ви ја предложам.

Навистина, станува збор за едно многу чувствително прашање. Факт е дека сме плурално општество, дека сме конфликтно општество, а факт е исто така дека и пред овие избори и минатиот период наназад по однос на токму на оваа куќа како јавен сектор имаше негативни оценки по однос на објективноста во информирањето. Имаше извештај на Европскиот институт за медиуми и вчера беше тоа презентирано во дел од македонскиот печат итн. Јас сакам да ве замолам да направиме навистина еден позитивен исчекор во смисла да направиме од Македонската радио и телеивзија објективна куќа која ќе биде во функција на сите граѓани на Република Македонија преку која ќе можат да се артикулираат разжични погледи и мислења. Да може да влијаат на јавното мислење, а тоа можеме да го направиме онака како што вчера беше во некои медиуми советувано. Имаме искуство, беше посочувана БИ-БИ-Си како пример во смисла од релевантни институции и поединци со авторитет докажани со своето мислење јавно презентирано и тн. Навистина многу е тешко, нека се луѓето крајно сѓдговорни, немам никаква информација и никаков повод да се сомневам во објективноста на луѓето кои што се предалгаат денеска за членови на Советот. Меѓутоа, многу тешко ќе ги убедите луѓето, граѓаните дека луѓето кои дошле на листа на политичка партија за пратеници или потпарол на политичка партија дека ќе бидат објективни до крај и ќе дадат можност да се артикулира во македонската радио и телевизија сите политички пголеди, кои што се објективно различни. Независно од тоа што ја направивте оној пат таа грешка, тоа јас исто така овде го кажав со иаборот на директорот на МРТВ. Не само заради функциите на тој јавен сектор, не само заради фактот што граѓаните на РМ плаќаат радио дифузна такса, исто се финансира до Буџетот итн. Туку, пред се, кога ќе го вклучат телевизорот да имаат објективни информации. Дали таа информација е негативна, позитивна за власта или опозицијата, тоа апсолутно не е битно. И, пред се, мотив ми беше за излегувањето да реплицирам фактот дека било досега така. Ако било досега лошо, значи имаме право и натаму да инсистираме да биде лошо или полошо. Па, нели се договоривме да направиме еден исчекор во развојот на демократијата во РМ да имаме.(реакција од пратениците па, добро, ако сакате да се вратиме на 1945 година. Ако сакате од тогаш што правеле во 1945 година комунистите, така да правиме и ние ако мислите дека е тоа објективно мерило, репер за делување на една политичка партија на почетокот на XXI век.

Мислам дека е многу лошо да се стартува со аргументацијата дека досега беше во функција на една партија, отсега ќе биде во функција на друга политичка партија. Тоа, почитувани колеги, нема предуслов за демократска комуникација во Република Македонија. Ако сакате да ни веруваат повеќе луѓето да направиме напор во таа смисла, одлуката навистина, еве, Комисијата да ја преиспита, не инсистираме од СДСМ, како што стои таму во БИ-Би-Си, кој Советот на Би-Би-Си го составуваат само авторитети и најрелевантните политички фактори во Британија. Па, да направиме нешто од оние земји кои што имаат искуство во сверата на демократијата, постојано да не се враќаме во нови почетоци. За да ни веруваат повеќе луѓето и како пратеници,меѓутоа, и како власт имате шанса тоа навистина еве сега да го направите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Тито Петковски. Господинот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, прво, сакам да го изразам моето согласување со дел од некои дискусии од опозицијата и ги сваќам како самокритика и добро е да се врши самокритика на тие грешки што сме ги направиле. Така треба. Не се согласувам со тој дел каде се прејудицира, каде се предвидува дека нема да биде објективно, незнам од каде тие предвидувања.

Јас излегов да зборувам, затоа што се чувствувам одговорен и затоа што беше спомната потпаролката на ДПА. Ние одиме со закони и по членот 14 пишува вака "неспоиви се функцијата претседател и член на Управен одбор на МРТ со функциите членови на раководствата на политичките партии". Вие можете да се обратите до ДПА писмено и да барате кои се членови на раководството на ДПА и ќе ви одговориме писмено. Тогаш, вие можете да продолжите понатаму со опозициеко однесување нормално и тоа е ваше право.

И, само како информација, во современите политички партии функцијата

портпарол, потпаролката не мора да биде член на раководството на политичката партија, туку тоа може да биде професионален однос за изнесување, соодветно изнесување на ставовите на политич-ките партии. Значи по законот така е. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Замир Дика.

Госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, морам да кажам дека за да се јавам за збор малку бев испровоцирана од дискусијата на патениците од СДС, односно слушајќи ги нив што сега зборуваат како и на кој начин треба да се работи , доаѓам до еден нов впечаток, веројатно, не само јас туку и целата јавност дека тие знаеле како треба да се работи, меѓутоа цели осум години работеле во корист на сопствената штета. Имено, тие имаа можност тоа нешто што сега го предлагаат, како едно објективно мерило кое треба да биде застапено не само во Македонското радио и телевизија туку воопшто во сите средства за јавно информирање, не го направиле и човек добива впечаток дека тоа имале можност да го направат само една година, а не цели осум години колку што тие беа на власт објективно. Што значи, нивниот период на владеење помина, сега нам треба да ни кажат како ќе се владее. Јас благодарам за сугестијата во сопствено име, веројатно, и во име на Пратеничката група на која што припаѓам, меѓутоа нека остават барем една година нашите претставници онака како што се предложени транспарентно, па дури ако сакате и со својата партиска структура нека се обидат да ја справат онаква каква што е целокупната состојба во Македонската телевизија, нека видиме дали до тие луѓе, пак велам транспарентно и јавно ќе има оваа држава и ова Собрание некоја корист, па после и можеме да дискутираме за цлеокупната и нивна работа, меѓутоа и работата за куќата во која што ги предлагаме.

И нешто сосема за крај. 53-та чуена седница која што беше и никогаш не остана завршена од првиот состав на Собранието требаше да ја разгледува организационата поставеност на средствата за јавно инфромирање. Тоа, за жал, остана само како начната тема, до крај никогаш не се разјасни токму заради опструкцијата која што ја имаше пратеничакта група на СДСМ. Јас се надевам дека во наредниот период на нашето Собрание ќе снајде демократски сили, навистина, не да стави крај, туку да ја отпочне оваа проблематика со расправа која што е многу сериозна и во која што има многу можности и начини како да се пронајде демократската свест кај сите новинари, кај сите луѓе врабо-тени, не само во печатените медиуми, туку и во електронските медиуми и, навистина, Македонија да излезе како една демократска држава, која што благодарејќи и на новата власт која што не само декларативно вели дека ќе внесе промени, верував дека тие и објективно ќе ги оствари. Меѓутоа, не само кроистејќи ги советите од СДСМ, затоа што слушајќи ги нивните дискусии човек доаѓа до еден нов впечаток дека тие се дури и наши гласачи, па бараат, интимно вака, бараат од нас таква одговорност. Сепак, граѓаните ќе имаат можност да го кажат своето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор побара уште г-динот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, јас не сум испровоциран, инспириран сум од оваа магла што си ја продаваме овде меѓу себе. Предлагам да се прекине расправата по оваа точка, заради тоа што работите се совршено јасни и за едната и за другата страна Предлагам да се прекине рапсравата по оваа точка затоа што камерите работат на Македонската телевизија и тие ја зголемуваат оваа загуба што беше спомната трошат, а трошат залудно, бидејќи е совршено јасно претходната власт бараше максимално начини погруби, постфисиинирани,подиректни да ги контролира тие медиуми и дека тогаш тоа ги за-болуваше некои други луѓе што не беа на власт. Сега имаме обратна ситуација кога новата власт се обидува да ги фати контролните точки таму каде што може да ги фати и сега тоа го заболува СДСМ, луѓето од претходната власт. И, тоа ќе биде се така, додека навистина не решиме таму каде што мора да има објективно информирање, додека не решиме парите на сите граѓани вредат подеднакво, ќе биде еднаш влијанието на едните, посуштилно, помалку сиптилно, друг пат ќе биде влијанието на другите посуптилно и помалку суптилно. Значи тоа е совршено јасно така, а дали ќе се случи тоа во овој период со владеењето на оваа коалиција, чии намери слушаме дека се добри и желни за позитивни промени и имаме време, се разбира, да ги видиме понатаму, ќе видиме. Ако тоа не се случи во овој период тука е ЛДП, ќе чека, и потоа ќе понуди нешто друго. Благодарам.(Реакција и аплауз на пратениците)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам да се разбереме, по двапати дискусии повторни, ако имате само реплики, за реплика може, меѓутоа по двапати дополнителни дискусии, не може.

Процедурално за збор се јави г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас се извинувам г-дине претседателе, мислам дека не треба да го ограничуваме јавувањето на пратениците, слободно право, граѓаните не бирале за да ние ако треба 50 пати ќе станеме на говорница да зборуваме по една точка, ќе разговараме овде, за данајдеме еден заеднички јазик и да може да изгласаме нешто или што треба да донесем некој закон овде. Јас ако треба уште 15 пати ќе дигнам рака, ќе станам и ќе барам збор на говорница. Ќе најдам начин како да преговарам. Јас барав одговор, затоа што сега моментално овде ние расправаме по повод оваа точка, а немаме застапник од Министерството коее застапено и кое треба да го изгласаме. Значи, немаме владин претставник кој е од Владата министер и кој треба за врски и за се ова што треба да одговара. Значи, ние овде дискутираме, а немаме министер кој треба и треба да донесеме некоја одлука, па немаме претставник тука кој треба да ни одговори. Мене лично, јас сеуште не го познавам, затоа што грешка е на Собранието, грешка е на Владата, затоа што ова овде може сите да се исмејуваме, гледам дека почнавме како куклен театар во 1991 година да го враќаме повторно истото што се случуваше во Собранието. Јас гледам како се однесувате и еден ден изгледа овде ќе стане Кина, бидете сигурни. Со вакво однесување ќе стане нешто во ова Собрание. Ја сум со шесто чуло, ако немаме однос во Собранието да се почитуваме овде еден со друг кога се излегува на говорница знајте дека тоа ќе стане.Минатиот мандат знаевте дека ќе стане инцидент во Собранието лично меѓу мене и некои други за ова префрлување. Затоа, апелирам до сите пратеници да бидеме достојни кога ќе излезе некој пратеник на говорница и го молам претседателот на Собраниево, затоа што тој ја води седницата овде, да не дозволува да стане овде во Собрание, зашто од ова видовте дека почна жестина некоја горка и жешка да се иде на префрлување меѓу СДСМ, префрлуваше меѓу други партии, излегување овде и разно врезѓање. Мислам дека не носи кон добро. Граѓаните за тоа не не бирале овде да дојдеме сите и овде да се исмејуваме и секого да провоцираме. Тоа не оди кон добро. Дајте на добар начин кој како тука ќе излезе, да се респектираме. Нормално, се знае, власт си е власт, опозиција е опозиција. Се знае закон ќе се изгласа, ќе се направи, каде што треба ќе гласаме, каде што треба нормално нема да гласаме. Но, јас барав и се враќам конкретно на моето прашање и на моето барање, пошто ние претплатници како Роми кои како секој граѓанин во РМ, кои македонската телеивзија, која е под ова Собрание и има свој министер, барад одговор од минситерот.

**АМДИ БАЈРАМ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Молам да добијам одговор дали ромите имаат право да имаат свој претставник во овој одбор или не. До колку нема, јас апелирам до сите роми ниеден ром да не биде претплатник на Македонската телевизија, затоа што не сме застапеми таму, две емисии неделно имаме. Со тоа нашата националност на некој начин гледате да ја пресечете, да и ги скратите гранките, а сакате да одиме кон Европа, да развијаме демократија, сакате се да создаваме во оваа одржава, но на ваков начин не ќе може да се создава. Јас предлагам, еве јас сум опозиција, не мора да биде тоа од нашата партија. Јас ја предлагам Гулистана Јумеровска Марковска, еве од ВМРО е, јас ја предлагам, еве предложете ја и вие, нека има еден застапник од ромската националност за да ги брани правата на ромите. Значи не мора да е од нашата партија, од било ко-ја, ние имаме роми, имаме и магистри роми. Јас можам сега два часа од говорница да не се тргнам и да зборувам околу тоа нон стоп. Затоа велам дајте да предложиме човек и од ромската националност. Ние ромите сме омаловажени. Почнавте да ни ги сечете гранките на секоја страна, еден ваму нес растуривте, еден таму не растуривте, реков има роми и од друга партија и од трета партија, па предложете, немам ништо против, не мора од оваа десната страна, нека биде од левата страна, нека биде од власта сегашна, предложете човек да имаме наш претставник и да се поправи нашата ситуација.

До колку не се предложи човек од нашата националност и министерот не даде за ова образложение, јас апелирам до "сите роми од денес ниеден ром да не биде претплатник на Македонската телевизија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓата Марковска беше спомната и бара реплика.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА МАРКОВСКА:**

Благодарам за предлогот, меѓутоа прво јас не сум заинтересирана за предлогот,

за членство во Управниот одбор, без разлика на моето етничко потекло од кое што ниту имам намера ниту некогаш ќе се откажам. Му благодарам на господинот за предлогот.

Од друга страна нашата партија води кадровска политика и знае кој за каде е соодветен и каде треба да биде предложен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Амди Бајрам има реплика.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас и се заблагодарувам на дамата што одбива, нормално секој си има свое право.

Јас имам предлог, бидејќи ние имаме роми магистри и пред-лагам некој друг од ромска националност да се веме предвид, бидејќи јас сега ја предложив Ѓулистана, она не сака, нормално си има партиска определеност и си има некој редослед во партијата, па еве нека некој друг ги застапува ромите, ќе предложиме кој, без разлика од која партија да е. Јас не предлагам да бидат партиски определени луѓето иако цело време се зборува требало да биде од оваа партија, од онаа партија. Се знае, треба кратки и јасни да бидеме, јас немам против нека биде некој, а дали некој е јавно деклариран во оваа партија или не, барам застапеност на ромите во Македонската телевизија и одговор од министерот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам присутен е тука потпретседателот на Владата и штом е присутен потпретседателот на Владата, нормално, тој ги застапува интересите на Владата, а тука е присутен и заменикот. Според тоана тоа прашање мислам даден е одговор.

Дали имаме уште материјална расправа во врска со Предлогот на одлуката?

Ако немаме, дозволете ми да го заклучам претресот и Предлогот на одлуката да го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката?

(Од место се јавува Мевљан Таири).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам јас го заклучив предлогот.

(Мевљан Таири интервенира дека дал предлог).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, вие дадовте друг предлог. Тогаш ако сакате може и за вашиот предлог да гласаме, а вашиот предлог беше да се повлече овој предлог.

Ве молам имаме предлог од Мевљан Таири.

Процедурално бараше има господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

И јас исто така предложив да се повлече предлогот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, истото е. Значи има предлог да се повлече предлогот, а исто е дали еден или двајца. Значи имаме предлог за повлеку-вање на предлогот.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас имам процедурално барање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам процедурално, врз основа на кој пропис овде ни кажувате.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине претседателе не ми дадовте да искористам

правото да ми одговори министерот или заменикот министер на моето ба-рање. Министерот или заменикот на министер не стана да ми одговори, претставник од Владата не стана да ми одговори и барам да се повлече одлуката, се придружувам кон претходните барања. Го имам тоа право.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи имаме три предлога кои одат кон тоа да се повлече предлогот.

Ве молам кој е за тоа да се повлече предлогот, имаме нов Предлог на одлука за избор и именување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие МТВ.

Кој е за, молам да крене рака? (20 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Кој е за предлогот што го предлага Комисијата за избори и именувања да се усвои Предлогот на одлуката за избор

и именување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија?

(66 пратеника).

Дали има некој против?

(20 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање?

(1 пратеник).

Констатирам дека Собранието со 66 гласа за, 20 против и еден воздражн ја донесе Одлуката за избор и именување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

Бидејќи дневниот ред е исцпрен ја заклучувам Осмата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 13,25 часот).